**ТД МАКОШПЕД АД**
**Скопје**

Извршен директор Стефан Станкоски во прилог на редовното информирање на одборот на директори на ТД Макошпед АД Скопје, го дава следниот:

# КОНСОЛИДИРАН
# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работењето на Друштвото за 2024 година

Скопје, Март 2025 година

## СОДРЖИНА

**Основни информации и економски амбиент................................3**

**Основна дејност на Друштвото........................................................3**

**Управување со финансиски ризик..................................................4**

**Средства и извори на Друштвото....................................................5**

**Долгорочен долг спрема основна главнина...................................5**

**Органи на управување на Друштвото.............................................5**

**Структура на вработени.....................................................................6**

**Финансиски резултати за 2024 година............................................6**

**Внатрешна ревизија...........................................................................6**

**Макошпед транс ДООЕЛ.....................................................................7**

**Консолидирана завршна сметка........................................................7**

## ТД МАКОШПЕД АД СКОПЈЕ

Извршен директор Стефан Станкоски во прилог на редовното информирање на Одборот на директори на ТД МАКОШПЕД АД СКОПЈЕ, го дава следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за работењето на Друштвото за 2024 година**

## ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ И ЕКОНОМСКИ АМБИЕНТ

Во Република С.Македонија, економскиот амбиент во 2024 година се карактеризира со нормализирање на општото опкружување после ковид пандемијата.

Во текот на годината, како што се менуваа економските и општите услови во опкружувањето, Друштвото соодветно се прилагодуваше преку тековните активности и деловни потфати.

Земајќи го во предвид економскиот амбиент во изминатата 2024 година, Друштвото се ангажираше максимално да ги искористи ресурсите за задржување на постоечките и придобивање на нови коминтенти преку прилагодливост и флексибилност спрема нивните потребите, како и со искуството и препознатливоста на брендот во областа на организација на меѓународен и локален транспорт, јавно и царинско складишно работење како и менаџирање на сопствен простор.

Акциите на ТД Макошпед АД Скопје, котираат на Официјалниот пазар на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје.

Компанијата заклучно со 31.12.2024 година брои 659 акционери од земјата и странство. Основната главнина изнесува 788.424 акции од кои 78.840 се сопствени акции без право на глас, со номинална вредност од 1.000 денари. Во 2024 година не се откупени сопствени акции. Вкупните сопствени акции претставуваат 9,999% од основната главнина.

Седиштето на друштвото е на ул. Македонија бр.19 Скопје.

## ОСНОВНА ДЕЈНОСТ НА ДРУШТВОТО

### Транспорт

Одделот за шпедиција и увоз-извоз врши организација на секаков вид меѓународен транспорт, на сите дестинации во Европа и светот од и за Р.С.Македонија и тоа:

- камионски, поморски, збирен, железнички и авионски транспорт
- организира превоз на специјални и вонгабаритни товари и обезбедува дозвола за истите
- локален транспорт низ Р.С.Македонија

**Царинско и локално складирање**

ТД Макошпед АД располага со сопствен складиштен простор во Битола, во кои се врши царинско и локално складирање.

**Менаџирање со деловни објекти под закуп**

## УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и ризик од промена на цените), кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки и ризикот од неликвидност. За управување со финансиските ризици е надлежен Одборот на директори.

**Пазарен ризик**

- **Ризик од промени на девизниот курс**

Друштвото учествува во меѓународни трансакции со комитенти но овој обем е многу мал во однос на целокупното работење и промената на девизните курсеви неможе да го наруши тековното работење.

- **Ризик од промени на цените**

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.

**Кредитен ризик**

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај купувачите да не можат да ги извршат своите обврски спрема друштвото. Во однос на кредитниот ризик друштвото има политика да соработува со клиенти што имаат соодветна кредитна историја. Друштвото води политика на наплата на побарувања до 30 дена. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број на салда(комитенти), со што се намалува ризикот во работењето доколку со некој комитент дојде до потешкотии со наплатата.

**Ризик од промени на каматните стапки**

Друштвото е изложено на ризик од промени на каматните стапки кога користи кредити и кога има депонирани средства во банки. Обврските по кредитите вообичаено се отплатуваат по променливи каматни стапки. Депозитите вложени во банки исто така се подложни на промени на каматните стапки зависни од движењата на финансиските пазари. Ова го изложува Друштвото на можен ризик од промени на каматните стапки.

ТД Макошпед АД Скопје нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го регулира преку директни преговори со банките.

**Ризик од ликвидност**

Ликвидностен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со паричните средства навремено да ги плаќа обврските спрема доверителите, вработените и кредиторите.

Друштвото нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски. Процентот на наплата на побарувањата за 2024 година изнесува 90%.

## СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Согласно Билансот на состојба за 2024 година, вредноста на активата и пасивата на ТД Макошпед АД Скопје изнесува 1.056.602.736 денари.

Постојаните средства учествуваат со 80%, додека тековните средства учествуваат со 20% во активата.

Во структурата на пасивата капиталот и резервите учествуваат со 94,6%, што укажува на исклучително висок степен на финансирање на работењето од сопствени извори.

**Исплата на дивиденда**

Во 2024 година Друштвото нема исплатено дивиденда на акционерите.

**Зделка со заинтересирана страна и голема зделка**

Во 2024 година Друштвото нема реализирано голема зделка ниту зделка со заинтересирана страна.

## ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНА ГЛАВНИНА

ТД Макошпед АД Скопје нема обврски по долгорочни кредити.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

ТД Макошпед АД Скопје е основано како акционерско друштво, кое согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото има воспоставено едностепен систем на управување, преку Одбор на директори.

На неизвршните членови на Одборот на директори во текот на 2024 година како надомест за учество во органите на управување им е исплатено бруто износ од 236.678 денари. На генералниот директор по основ на менаџерски договор исплатен е бруто износ од 1.279.560 денари.

## СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

На 31.12.2024 година во друштвото се вработени вкупно 15 лица од кои во редовен работен однос се 12 лица, а на определено работно време 3 лица. Од вкупните вработени 8 лица се мажи и 7 лица се жени.

**Квалификациона структура на вработените на 31.12.2024 година**

| Реден број | Вид на квалификација | Број на вработени | Процентуално учество |
|---|---|---|---|
| 1 | ВСС | 4 | 26,67% |
| 2 | ВШС | 1 | 6,67% |
| 3 | ССС | 8 | 53,33% |
| 4 | КВ | 1 | 6,67% |
| 5 | НКВ | 1 | 6,67% |
| | **Вкупно** | **15** | **100%** |

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2024 ГОДИНА

Финансиската политика и креирањето на стратегијата и техниките на финансиското управување, водење на сметководствениот и финансискиот менаџмент е прашање на кое во континуитет му се обрнува посебно внимание со цел непречено и профитабилно функционирање на друштвото.
За периодот од Јануари до Декември 2024 година ТД Макошпед АД Скопје оствари нето добивка од 12.571.021 денари.

**Финансиски резултати**

| Р.бр. | Позиција | 2024 година |
|---|---|---|
| 1 | **Вкупни приходи** | **37.939.896** |
| 2 | Приходи од продажба | 25.023.304 |
| 3 | Останати приходи | 107.677 |
| 4 | Финансиски приходи | 12.808.915 |
| 5 | **Вкупни расходи** | **24.528.023** |
| 6 | Расходи од работење | 24.526.738 |
| 7 | Финансиски расходи | 1.285 |
| 8 | **Добивка пред оданочување(2-6)** | **13.411.873** |
| 9 | Данок од добивка | 840.852 |
| 10 | **Нето добивка** | **12.571.021** |

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Службата за внатрешна ревизија вршеше ревизија согласно годишниот план за работа. Ревизиите се извршени и по истите се изготвени полугодишен извештај и годишен извештај, кои се доставени до Одборот на директори.

## МАКОШПЕД ТРАНС ДООЕЛ СКОПЈЕ

Во 2019 година е формирано друштвото Макошпед Транс ДООЕЛ Скопје од страна на ТД Макошпед АД Скопје како единствен сопственик. Основна дејност на Макошпед Транс ДООЕЛ Скопје е товарен патен транспорт. Вкупно има 1 вработен. Својата дејност почна да ја обавува во втората половина од 2019 година.
За периодот од Јануари до Декември 2024 година Макошпед Транс оствари загуба од -1.737.689 денари.

**Финансиски резултати**

| Р.бр. | Позиција | 2024 година |
|---|---|---|
| 1 | **Вкупни приходи** | **4.840.829** |
| 2 | Приходи од продажба | 4.495.907 |
| 3 | Останати приходи | 344.922 |
| 5 | **Вкупни расходи** | **6.578.518** |
| 6 | Расходи од работење | 6.578.518 |
| 8 | **Загуба** | **-1.737.689** |

## 3. КОНСОЛИДИРАНА ЗАВРШНА СМЕТКА

Во своето работење ТД Макошпед АД Скопје има обврска да изготвува консолидирани финансиски извештаи бидејќи има мнозинско учество во Макошпед Транс ДООЕЛ Скопје.

За период од Јануари до Декевмри 2024 година консолидираната нето добивка изнесува 10.833.332 денари.

**Финансиски резултати**

| Р.бр. | Позиција | 2024 година |
|---|---|---|
| 1 | **Вкупни приходи** | **42.780.725** |
| 2 | Приходи од продажба | 29.519.211 |
| 3 | Останати приходи | 452.405 |
| 4 | Финансиски приходи | 12.809.109 |
| 5 | **Вкупни расходи** | **31.106.541** |
| 6 | Расходи од работење | 31.105.256 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Финансиски расходи | 1.285 |
| 8 | **Добивка пред оданочување(1-6)** | **11.674.184** |
| 9 | Данок од добивка | 840.852 |
| 10 | **Нето добивка** | **10.833.332** |

**Март, 2025 година** **ТД МАКОШПЕД АД СКОПЈЕ**

Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, наполнување, работење, производство и промет МАКОШПЕД АД-СКОПЈЕ